РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
БР 10-1109/2
17.06.2024 ГОД
РЕСЕН

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), член 88 од Закон за Општа Управна Постапка („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 124/2015, 65/2018) и член 50 став 1 точка 11 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/2002), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот Фондација за развој на локалната заедница, ул. Страшо Пинџур 66/1 2000 Штип, со број 10-1109/1 од 04.06.2024 година, Градоначалникот на Општина Ресен го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** од Фондација за развој на локалната заедница, заверено под број 10-1109/1 од 04.06.2024 година поднесено до имателот на информацијата Општина Ресен. **СЕ УВАЖУВА**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот на информацијата Фондација за развој на локалната заедница, преку пошта на Општина Ресен поднесе барање на ден 18.03.2024 година заверено под број 10-711/1 со кое побара преку е-маил да му биде доставено електронски запис од следната информација: Воспоставени собирни места за отпаден текстил, гуми или склучен договорсо друга општина за заеднички собирен центар; Општинскита инспектори за животна средина дали досега имаат извршено инспекциски надзор, согласно законот за управување со дополнителни текови на отпад; Доколку има извршено инспекциски надзор кои мерки се изречени; дали општината има превземеномерки за информирање на граѓаните и правните субјекти за обврските од законот.

Постапувајќи по барањето на барателот и по извршената проверка на побараните информации, Општина Ресен Ве известува дека во прилог Ви ги доставуваме одговорите од Секторот за животна средина и Одделение за инспекциски надзор.

Врз основа на горенаведеното, а во согласност со член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), Општина Ресен се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**Градоначалник на Општина Ресен**
**Јован Тозиевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РЕСЕН